1. Според вашата евиденција, колку цркви и манастири поседува МПЦ – ОА во Македонија?

МПЦ-ОА: МПЦ – ОА е составена од 15 епархии, 11 во Македонија и 4 во дијаспората. Епархијата е управувана од надлежен епархиски архијереј. Духовниот живот се одвива во архијерејски намесништва и црковни општини кои се раководат од 600 активни свештеници во над 500 парохии. Секоја православна епархија поседува определен број храмови и манастири за коишто се води интерна епархиска евиденција. Во сопственост на МПЦ-ОА се наоѓаат над 2000 храмови и манастири. Карактеристично е што дел од нив имаат статус на споменик на култура и се заштитени со закон.

2. Имајќи предвид дека дел од имотите се водат како сопственост на цркви или епархии, кои не се правни лица, кој всушност располага со имотот?

МПЦ-ОА: Согласно Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група во Македонија, МПЦ – ОА е регистрирана во Централниот регистар, како правно лице со повеќе подружници, што значи дека сите тие имаат одреден правен субјективитет во рамките на МПЦ – ОА. Сите цркви и манастири што се запишани во Агенцијата за катастар на недвижности се всушност имот на МПЦ – ОА и со истите располага МПЦ – ОА. Самостојните органи на епархиската управа за својата работа одговараат на Синодот на МПЦ – ОА. Органите и телата на епархиската управа, како извршна власт на Синодот, своите надлежности, коишто се утврдени со Уставот на МПЦ – ОА, ги извршуваат врз основа на канонските и начелата на законитост, одговорност и економичност.

3. На кој начин МПЦ – ОА одлучува за купување, продавање или изнајмување на имотот како и за негово користење при стапување во деловни односи со други лица?

МПЦ-ОА: МПЦ – ОА за сите работи поврзани со управувањето со имотот, сопственост на МПЦ – ОА, купување, продажба или изнајмување на имотот, како и негово користење при стапување во деловни односи со други лица, одлучуваат органите на МПЦ – ОА, Епархискиот управен одбор и Архиепископскиот управен одбор во соодветна постапка уредена со Уставот на МПЦ – ОА, но и во согласност со Законот за сопственост и други стварни права, Законот за облигационите односи, притоа почитувајќи ги и одредбите од Кривичниот законик.

4. Според нашите податоци МПЦ – ОА располага со голем земјоделски имот, како и со шуми и пасишта. Дали економски се експлоатира имотот и како, дали МПЦ – ОА го издава или пак сама го обработува?

МПЦ-ОА: Овластувањата на сопственикот го вклучуваат правото на поседување, правото на користење, правото на плодоуживање, правото на располагање со сопственоста, како и правото на исклучување на трета страна. Имотот на МПЦ – ОА, согласно со потребите за духовната мисија на МПЦ – ОА, за нејзиното нормално функционирање, економски се експлоатира. Тоа значи дека имотот тековно се одржува, самостојно се обработува и се издава под закуп.

5. Кои се плановите на МПЦ – ОА со становите и деловниот простор што би го добила по завршувањето на проектот Гранд спроти Холидеј ИН?

МПЦ-ОА: Плановите за недвижниот имот што би го добила МПЦ – ОА, по завршување на проектот „Гранд“ спроти хотелот Холидеј ИН во Скопје, се исти како и другите планови за целокупниот имот со кој располага МПЦ – ОА.

6. Дали МПЦ–ОА плаќа данок на имотот што го поседува а не е за верски потреби?

МПЦ-ОА: За имотот што го поседува МПЦ – ОА, тековно ги подмирува сите доспеани даноци и јавни давачки.

7. Дали МПЦ – ОА како правно лице, плаќа даноци и за што?

МПЦ-ОА: Плаќањето на данокот како јавен приход којшто произлегува од обврската што ја наложува државата со цел да обезбеди средства во буџетот за реализација на државните обврски кон граѓаните во сите сегменти од општеството за постигнување на економски и социјални цели не ја одминува ниту МПЦ – ОА.

Тоа значи дека МПЦ – ОА ги плаќа сите даноци, како што се директните даноци на потрошувачка, така и даноците на имот и персоналниот данок на доход заедно со придонесите за задолжително социјално осигурување. Според член 46, став 2 од Законот за персонален данок на доход, свештениците, како верски лица, персоналниот данок го плаќаат во годишен паушален износ врз основа на годишни решенија.

8. Колку вработени има МПЦ–ОА?

МПЦ-ОА: Во МПЦ – ОА за верските потреби на православните верници се грижат околу 600 активни свештеници и останат персонал, којшто е вработен во МПЦ – ОА, а дел волонтерски е вклучен во мисијата на МПЦ – ОА.

Во почетокот на деведесеттите години на 20-ти век, во Македонија се обнови и монаштвото, кое сега брои околу 200 монаси и монахињи, кои се организирани во монашки заедници во манастирите на МПЦ-ОА.

МПЦ-ОА има две воспитно-образовни институции: средното богословско училиште – Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“ и Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“.

9. Дали МПЦ – ОА поднесува завршни годишни сметки до Централниот регистар?

МПЦ-ОА: МПЦ – ОА во своето работење, во целост ги почитува прописите во постоечкото македонско законодавство и постапува во согласност со истите, како и во согласност со Уставот на МПЦ – ОА. Функционирањето на МПЦ – ОА е во согласност со Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група во македонското општество, така што МПЦ – ОА ги исполнува сите законски обврски во согласност со овој закон, како и останатите законски прописи во нашата држава.